**20161423436**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 18 став (14) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), министерот за транспорт и врски донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА, ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТРИТЕ

Член 1

Во Правилникот за начинот за издавање, обновување и одземање на лиценците и овластувањата, формата и содржината на образецот на лиценците и овластувањата, висината на надоместокот за издавање на лиценците и овластувањата, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистрите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/16), во членот 6 во ставот 1 зборот „портокалова“ се заменува со зборовите „светло жолта“.

Член 2

Во членот 7 во ставот 1 зборот „црвена“ се заменува со зборовите „светло жолта“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-10000/1<br>22 јули 2016 година<br>Скопје

Министер<br>за транспорт и врски,<br>**Владо Мисајловски,** с.р.